Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-118/8
__________ година
23-12-2022

Во врска со член 21 став 1 точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 21.12.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА** постапка по службена должност врз основа на информации поврзани со престојот на верската група „Лев Тахор" во Република Северна Македонија.

## Образложение

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во периодот од 17.02.2022 година до 14.04.2022 година, врз основа на сомнение дека постојат индиции за дискриминација, односно вознемирување на припадници на верската група „Лев Тахор", спроведе низа активности за обезбедување на определени релевантни информации и податоци, со цел да ги потврди таквите индиции.

Од обезбедените информации и податоци, добиени преку анализа на објави во медиуми поврзани со верската група „Лев Тахор", како и преку остварени разговори со лица кои на посреден или непосреден начин биле во контакт со припадниците на именуваната група, Комисијата утврди дека не постојат законски надлежности за покренување на постапки во врска со дискриминација или вознемирување врз припадниците на групата во смисла на член 6, односно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Следствено, Комисијата едногласно одлучи да не поведе постапка по службена должност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
21.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk